АЦЕРОЛА АЛКАЛОИД®
180 mg таблети за џвакање
додаток во исхраната, со засладувачи

СОСТАВ

Една таблета содржи 180 mg витамин Ц (во форма на прашок од ацерола (Malpighia punicifolia L.) – 180 mg, натриум аскорбат – 92,04 mg и аскорбинска киселина-54,54 mg).
Помошни состојки: *засладувачи:* сорбитол (Е 420), манитол (од пченка или **пченица**) (Е421); *средства против згрутчување:* силициум диоксид (Е 551); стеаринска киселина (Е 570); магнезиум стеарат; *арома:* портокал; *засладувач:* сахарин натриум (Е 954).

ДЕЈСТВО

АЦЕРОЛА АЛКАЛОИД® е диететски додаток во секојдневната исхрана. Витаминот Ц е есенцијален витамин којшто е растворлив во вода.
АЦЕРОЛА АЛКАЛОИД® содржи природен витамин Ц добиен од ацерола, цреша од Барбадос.

Витаминот Ц придонесува за одржување на нормалната функција на имунолошкиот систем во текот на интензивни физички вежби и по нив. Витаминот Ц придонесува за нормално создавање колаген, при што се овозможува нормално функционирање на крвните садови, кожата, коските, ’рскавицата, забите и на непцата. Тој придонесува за нормален метаболизам за создавање енергија, придонесува за нормално функционирање на нервниот систем и за нормално психолошко функционирање. Витаминот Ц придонесува за намалување на заморот и на исцрпеноста.
Витаминот Ц придонесува за заштита на клетките од оксидативен стрес.
Витаминот Ц ја зголемува апсорпцијата на железо.

УПОТРЕБА

Таблетите Ацерола Алкалоид® се користат при состојби во коишто е зголемена потребата за витамин Ц.

Ацерола Алкалоид® не треба да се употребува доколку некогаш се појавила алергиска реакција како резултат на примената на овој препарат – на неговата активна супстанција или на која било од помошните состојки на препаратот.

ДОЗИРАЊЕ И НАЧИН НА ПРИМЕНА

Производот е наменет за перорална употреба.

Возрасни и деца над 14-годишна возраст:

- Препорачана дневна доза е 1 таблета.

Таблетите АЦЕРОЛА АЛКАЛОИД® се таблети за џвакање.
Таблетите треба да се џвакаат, а не да се проголтуваат.

МЕРКИ НА ПРЕТПАЗЛИВОСТ

Да не се надминува препорачаната дневна доза.
Ацерола Алкалоид® не треба да се употребува како замена за разновидна исхрана.
Прекумерната употреба може да доведе до појава на лаксативен ефект.

ПАКУВАЊЕ

Таблетите Ацерола Алкалоид® се спакувани во блистери (OPA/ALU/PVC).
Секој блистер содржи 6 таблети за џвакање.
Картонската кутија содржи 30 таблети за џвакање (5 блистери) и упатство за употреба.

РОК НА ТРАЕЊЕ

Две (2) години.

НАЧИН НА ЧУВАЊЕ

Да се чува на температура под 25 °C, во оригиналното пакување, заштитено од светлина и од влага.

Да се чува надвор од дофат на мали деца!

ПРОИЗВЕДУВА

Произведено во Италија за **АЛКАЛОИД АД** Скопје бул. Александар Македонски 12, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија